УЧИЛИШЕН ВЕСНИК БР. 4

ООУ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

СКУДРИЊЕ

МАВРОВО И РОСТУШЕ

# МЛАДОСТ



Бесплатен примерок Мај 2023 год.

# 74 години воспитно-образовен процес - Скудриње
# 24 години ООУ „Блаже Конески“
# СКУДРИЊЕ

Почитувани, со издавањето на третиот број на нашиот училишен весник сакаме да ја доловиме работата во нашето училиште како современа воспитно-образовна установа - отворена кон потребите на учениците, наставниците и локалната заедница, препознатлива по високите училишни достигнувања и подготвеност за континуиран развој со силна заложба и посветеност од секој вработен во училиштето да придонесуваме во реализацијата на нашата мисија и визија.

Измина период на пандемија кој го промени животот на луѓето ,учениците, родителите, наставниците, ги промени навиките, внесе немир во секој дом.

За момент замре детскиот џагор и во нашето училиште цела една година, период на неизвесност, но сето ова што не нападна не направи посилни, посовесни и поамбициозни.

Реализацијата на наставниот процес во услови на пандемија стана предизвик на кој успешно одговорија нашите наставници со искрена подршка на вас родителите и подршка од локалната власт.

Денес ние остануваме доследно посветени на нашата мисија да обезбедиме добра подготовка, современа настава, а наставниците да ги водат учениците на патот кон подобра иднина

## Мисија

Реализација на современи програми за задоволување на потребите на учениците и поттикнување на доживотно учење

Во овој момент додека го читате нашиот и ваш училишен весник Ви посакувам добро здравје, среќа, радост, а со тоа и Вашиот живот биде исполнет со убави моменти, и секој ден негова нова страница со исполнета желба.

Да се чуваме од секое зло, зрачете со позитивна енергија и секогаш подарувајте убав збор, збор полн со топлина и љубов.

## Визија

ООУ,,Блаже Конески,,-Скудриње-училиште со современа, ефикасна и квалитетна настава, прилагодена на потребите и интересите на учениците во една безбедна и дисциплинирана средина

**МОТО**: КВАЛИТЕТНО ЗНАЕЊЕ ПАТОКАЗ ЗА ИДНИНАТА

# ДИРЕКТОР

ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

## БЕШИР РАМАДАНИ



Роден во с. Скудриње Своето основно образование го завршив во родното село. Средно образование завршив во Средното музичко училиште во Штип . Дипломирав на Факултетот за музичка уметност –отсек музичка теорија и педагогија при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје. Како прв човек кој носи одлуки во една воспитно-образовна инстутуција не е ни најмалку едноставна работа , таа носи многу одговорност , бара посветеност и време.

Соработката со вработените кои ги еализираат работните задачи ,одговорно, точно со посветеност, зборуваат резултатите на учениците.

Со помош на Министерството за образование и наука, локалната самоуправа, разни проекти, спонзорства и со несебично залагање на вработените, училишниот одбор и советот на родители го издигнуваме нашето училиште на рамниште со успешните во нашата држава.

Тоа не мотивира да продолќиме понатака во реализација на нашата цел:

„КВАЛИТЕТНО ЗНАЕЊЕ ПАТОКАЗ ЗА ИДНИНАТА"

## ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиштето ,,Блаже Конески"--Скудриње, Маврово и Ростуше е верифицирано со Решение бр. 1014/65 од 1.09.1996 година од Министерството за образование и наука . Во училиштето се организира и изведува настава за ученици од I до IX одделение. Училиштето е лоцирано во с.Скудриње со подрачни училишта во Присојница и Аџиевци, email:blazekoneskiskud@gmail.com, facebook страна: OU Blaze Koneski Skudrinje. Во поглед на внатрешна опременост, треба да се спомене дека во училиштето постојат 8 училници кои ги задоволуваат стандардите. Училниците се опремени со соодветни нагледни средста за кабинетска настава по физика, хемија, биологија, математика со Смарт-телевизори како и кабинет со персоналени компјутери за користење на информатичката технологија во наставата,а до сите училници е достапен интернет што го обезбедува училиштето а учениците можат да спортуваат на убаво опремено и оградено спортско игралиште. Во учебната 2021 / 2022 година беа опфатени вкупно 168 ученика во редовната настава распоредени во 17 паралелките Воспитно-образовната дејност на училиштето ја остваруваа 38 лица.. Стручноста на кадарот е според законските барања за основно образование.

# Создаваме подобри услови за работа и престој на учениците и наставниците

| | |
|---|---|
| ОБЈЕКТОТ ВО СКУДРИЊЕ Е ИЗГРАДЕН | 1961 ГОДИНА |
| СО ВКУПНА ПОВРШИНА ОД | 1120м2 |
| УЧИЛИШЕН ДВОР ОД | 650м2 |
| СПОРТСКИ ТЕРЕНИ И ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ | 200м2 |
| Училиштето работи во смена | Две смени |
| И СЕ ЗАГРЕВА НА | Дрва- Парно греење |
| УЧИЛИШТЕТО ВКУПНО ИМА | 17 ПАРАЛЕЛКИ |
| ОД КОИ КОМБИНИРАНИ СЕ | 3 |
| И РАБОТИ ВО | 2 СМЕНИ |

НАШЕТО УЧИЛИШТЕТО ВКУПНО РАСПОЛАГА СО 17 УЧИЛНИЦИ, КАБИНЕТ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ, 4 КАНЦЕЛАРИИ, БИБЛИОТЕКА И НЕКОЛКУ ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ.

УЧИЛИШТЕТО СО СКРОМНИОТ БУЏЕТ ДОБИЕН СО БЛОК ДОТАЦИИ ДОМАЌИНСКИ РАСПОЛАГАШЕ СО ДОДЕЛЕНИТЕ СРЕДСТВА И ПОКРАЈ ТЕКОВНОТО ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШТАТА СЕ НАПРАВЕНИ И РЕАЛИЗИРАНИ СЛЕДНИВЕ АКТИВНОСТИ:

## СОЗДАВАЊЕ ДОБРИ УСЛОВИ ЗА ПРЕСТОЈ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

⇒ САНАЦИЈА НА ЧЕТИРИ УЧИЛНИЦИ И ТОА УЧИЛНИЦА БРОЈ 4,3,И 2 И 1

⇒ ЗА ПРВПАТ ОВИЕ УЧИЛНИЦИ ОТКАКО Е ИЗГРАДЕНО УЧИЛИШТЕТО ОСВЕН КРЕЧЕЊЕ НЕМАЛО НИКАКВА САНАЦИЈА НА ТАВАНИТЕ И ЗИДОВИТЕ И СПОРЕД ТОА Е НАПРАВЕНА САНАЦИЈА ПРИ ШТО Е ВГРАДЕНА ТАВАНСКА МРЕЖА, ГЛЕТУВАЊЕ НА ТАВАНИТЕ И ЗИДОВИТЕ, ФАРБАЊЕ НА ЗИДОВИ, ПОСТАВУВАЊЕ НА КОРНЕЗИ И ЗАВЕСИ, ПРОМЕНА НА СВЕТЛОСНИТЕ УРЕДИ СО ШТЕДЛИВИ ПАНЕЛКИ, ПОСТАВУВАЊЕ НА БЕЛИ ТАБЛИ, А ВО ДЕЛ УЧИЛНИЦИ И ТЕЛЕВИЗОРИ.)









⇒ НАПРАВЕНА Е И САНАЦИЈА НА КАБИНЕТОТ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ КАДЕ СЕ ВГРАДЕНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ВОДОВОДНА И ОДВОДНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ИНСТАЛИРАЊЕ НА ИСТАТА СЕ СО ЦЕЛ УСПЕШНО СТАВАЊЕ ВО ФУНЦИЈА НА ОПРЕМАТА ДОНИРАНА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА.





⇒ САНИРАН Е И ДЕЛ ОД ХОДНИКОТ ОДНОСНО ПРОСТОРОТ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ПРИРЕДБИ И ПОСТАВУВАЊЕ НА ПАНОА СО АМБЛЕМИ ОД УЧИЛИШТЕТО





⇒ СПОТСКОТО ИГРАЛИШТЕ Е ОСВЕТЛЕНО И ОГРАДЕНО ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ВО ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЧАСОВИТЕ ПО ФИЗИЧКО И ЗДРАСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ.





⇒ ДОБИЕНА Е ДОНАЦИЈА - ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ









⇒ ДОБИЕНА Е ДОНАЦИЈА - ОД ВАКОВСКИ ОДБОР ДЕБРЕ ЏАМИЈА ИЗМИР ТУРКИЈЕ






⇒ УЧИЛИШТЕТО ИМА СКЛУЧЕНО ДОГОВОР ЗА ПРОИЗВОДИТЕЛ – ПОТРОШУВАЛ СО ЕВН ХОМЕ ЗА СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ФОТОВОЛТАИЦИТЕ ПОСТАВЕНИ НА ПОКРИВОТ НА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, А ОД НИВ БЕВМЕ ИЗВЕСТЕНИ ДЕКА ДВА ПАТИ ГОДИШНО ЌЕ ИМА ПОРАВНУВАЊЕ НА СМЕТКИТЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА



⇒ ВО ОВОЈ ПЕРИОД УЧИЛИШТЕТО БЕЗ ПРЕТЕРУВАЊЕ ИМА НАБАВЕНО НАД 1000 НАСТАВНИ НАГЛЕДНИ СРЕДСТВА, КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛИ И НАМЕШТАЈ, ПРИНТЕР ДЕЛ ОД СОПСТВЕНИ СРЕДСТВА, ДЕЛ ОД ДОНАЦИИ, А ВОЕДНО Е ВОВЕДЕН И ВИДЕО НАДЗОР НА ОБЈЕКТОТ СО ОСУМ КАМЕРИ И СЕ СНИМА 24 ЧАСА





**СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ КАДАР**

(ПОКРАЈ РАБОТАТА НА АКТИВИТЕ СОГЛАСНО ЗАКОНСКИТЕ ОБВРСКИ ИНИЦИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ СЛЕДНИВЕ НАГЛЕДНИ ПРЕДАВАЊА:

⇒ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем

⇒ Наставни форми, методи и техники

⇒ МИО во македонскиот образовен систем

⇒ Учење по пат на асоцијации

⇒ Безбедност и здравје при работа,евакуација, заштита и спасување

⇒ Инклузија – инклузивно образование

⇒ Содржина на Годишното глобално планирање

⇒ Оценување – Формативно и суматување

⇒ Заштита и препознавање на новите пороци – телефони,слики, пораки

**ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО**

⇒ ЗА ПРВПАТ ПОСЛЕ 25 ГОДИНИ ГО ИЗДАДОВМЕ ТРЕТОТО ИЗДАНИЕ НА УЧИЛИШНИОТ ВЕСНИК „МЛАДОСТ“, А СЕГА И ЧЕТВРТИОТ БРОЈ.

⇒ ВО ТЕКОВНАТА 2022 ГОДИНА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПРВПАТ ЈА ПРОМОВИРА И РЕАЛИЗИРА СВОЈАТА WEB СТРАНИЦА.

⇒ УЧИЛИШТЕТО ИМА АКТИВНА FACEBOOK СТРАНА.

⇒ БРОШУРА НА УЧИЛИШТЕТО

⇒ УСПЕШНО УЧЕСТВО НА НАТПРЕВАРИ И ДР.












⇒ ЕКСКУРЗИЈА









⇒ ПОЧИТУВАНИ,

НАШИТЕ ПЛАНОВИ НЕ ЗАВРШУВААТ ТУКА, ДИРЕКТОРОТ ЗАЕДНО СО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР, ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ, НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ И УЧЕНИЦИТЕ , ПРОДОЛЖУВАМЕ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЕ ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА УЧЕЊЕ, ПРЕСТОЈ И РАБОТА ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ, А СЕ СО ЦЕЛ ДА СЕ ИСТАКНАТ И ВРЕДНУВААТ ДОБРИТЕ СТРАНИ ПОСТИГНАТИ ВО ОВОЈ ПЕРИОД НА НАШИТЕ ВРАБОТЕНИ И УЧЕНИЦИ.

⇒ ВИ БЛАГОДАРАМ

# ИСТОРИЈА

Има една наука
што секој ја изучува
Историја се вика
и минатото го проучува.

Историјата е добра наука
што секој ја сака
во нејзиното изучување
никој нема мака.

Наставникот е добар ,
Историјата ни ја раскажува
за успехот и дисциплината
тој нам ни укажува.

За Историјата има
многу да се каже
но и наставникот за домашната
не треба да се лаже.



1. Дополни за да ја добиеш годината на Илинденското востание.
2. Иницијалите на Мисирков.
3. Познат македонски писател роден 1921г. Небрегово-Прилепско.
4. Коњот на Александар Македонски.



# СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

## НАТПРЕВАРИ

На ден 26.04.2023 година во организација на училишниот спортски клуб „Костен Скудриње“ во општинската скорска сала Македонија, општина Маврово и Ростуше се одржа општинскиот натпревар во мал фудбал за учениците од основните училишта од општина Маврово и Ростуше.

На овој натпревар нашите ученици се натпреваруваа против учениците ООУ „Јосиф Брос Тито“ с. Жировница, кои нашите ученици ги победија со резултат од 2:0 , со што обезбедивме пласман за финале на кое нашата екипа го освоија второто место на турнирот.





По повод манифестацијата „5-ти ден на Скудриње, прва костенијада“, која беше во организација на здружението Макитурк од с.Скудриње, а се одржа на ден 30.10.2022 година, беа реализирани спортски активности, натпревари во Одбојка.

Домаќин на натпреварите во одбојка беше нашето училиште предводено од наставниците,учениците и директорот, каде земаа учество пет екипи.



# КОЛЕГИ КОИ ЗАМИНАА ВО ПЕНЗИЈА

2022/2023




Рустем Јусуфоски од с.Скудриње роден на ден 22 Март 1959г. во с.Скудриње. Завршил основно образование во ОУ ,,Иво Лола Рибар“- Скудриње. Потоа се запишал на средното гимназиско образование ,,Здравко Чочовски“ – Дебар каде го истото го завршил. По завршувањето на средното образование се запишал на Виша Педагошка академија ,,Гоце Делчев“ во Штип со големо залагање и успех завршил во групата на предметна настава по Историја и Географија и постанал дипломиран наставник по Историја и Географија. Се вработил како наставник по Историја и Географија во 1980/81 учебна година каде што со желба, мотив и успех се посветил на воспитно образовниот процес. Тоа му бил голем предизвик, да со неговите ученици нивна соработка да постигнуваат големи успеси учествувјќи на голем број општински, регионални и државни натпревари за тоа говорат и неговите бројни добиени награди, признанија, дипломи и сертификати за освоени прво, второ, трето место. Адатптацијата кон сите иновации и трендови, нови технологии биле прифатени и успешно сработени преку бројните семинари каде што активно ги посетувал. Најмногу работел како наставик по Историја и Географија во ООУ ,,Блаже Конески“- Скудриње и со неговото осамостојување бил и ментор. Секогаш отворен за соработка и помош кон колегите и учениците. Рустем Јусуфоски се доби со статус на пензионер на 22 Март 2023 после 43 години посветени во воспитно – образовниот процес.




Рамазан Јакупоски од с.Скудриње роден на ден 15 Март 1959г. во с.Скудриње. Завршил основно образование во ОУ ,,Иво Лола Рибар“- Скудриње. Потоа се запишал на средното гимназиско образование ,,Здравко Чочовски“ – Дебар каде го истото го завршил. По завршувањето на средното образование се запишал на Виша Педагошка академија ,,Гоце Делчев“ во Штип со големо залагање и успех завршил во групата на предметна настава по Природни предмети Математика и Физика. Како наставник по математика работеше од 1980/81 година најголем дел во општинското основно училиште ,,Блаже Конески“ – Скудриње. Во периодот од 2003 до 2004 година тој ја извршуваше функција Директор на ООУ ,,Блаже Конески“. Неговиот мотив и желба кон неговата работа и посветеност му придонесоле големи успеси со учениците на општински, регионални и државни натпревари каде што има освоени награди кој како доказ кажуваат пофалниците, , признанијата, дипломите и сертификатите. Претседателството на Здружението на Сојузот на просветните работници на Република Северна Маекдонија за општина Гостивар му доделиле диплома за просветен работник на годината во општина Гостивар во учебната 1996/1997 год. Награда доби и од списанието ,,НУМЕРУС“ . Адаптацијата кон новите иновации воведени во воспитно-образовниот процес и посетување на бројни семинари успешно ги реализираше. Рамазан се доби со статус на пензионер на 15 Март 2023 после 43 годшна работа во образование.

# ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА НАШЕТО УЧИЛИШТЕ







**По повод патрониот празник на нашето училиште Блаже Конески на ден 19.12.2022 год.**













# Нашата Река

Скудриње е најубав крај,
Убав, личен, како вистински рај.
Убавините негови
Не се искажува со неколку збора,
Тоа да се знае на секаде мора.

Присојница е како бисер во школка
Што сјае, а неговата убавина
вечно трае.

Аџиевци е голема бајка,
Таму секогаш се слуша смеа:
-Колку е убаво – велат,
сите што таму беа.

Јанче е мало, убаво село,
Но, личи на големо уметничко дело

Ростуше е како мајски цвет,
Миризлив, шарен
од градина дарен.



Велебрдо е уметничка слика,
таму секогаш радост блика.
Таму најубава песна се пее
и на секаде среќа се лее.

Битуше е скриено гнездо,
каде секој се смее
и има ведар дух.

Требиште блеска како сонце,
сјае како злато,
шири мирис на каранфил,
зар не, ова на секој би го намамил .

Жировница е планински поток,
бистар како детски очи.
Сјае како утринска роса
и има мирис на роза.

ова е нашата најубава река,
за која се знае одамна,
од дамнешни века.
од дамнешни века.

Усније Јонузоска VIII ОДД

## Радика

Водата на реката Радика

е многу мила

но понекогаш има многу сила.

Радика е блиску

до нашиот пат,

и се наоѓа во нашиот роден кат.

Во Радика се наоѓа

принцезата пастрмка,

облечена со прекрасни дамки.

А по крајот на Радика има жолти сламки.

Хајан Мурати

V одд.П.О.У.Присојница

## Пролет

Снегот се топи,
кокиче ни никна
пролет,пролет иде
една пчела викна.

Разлетани ластовички
високо во лет,
шарени пеперутки
мислиш да се цвет.

Расцветани дрвца
во различни бои,
пролетта е таква
боите ги брои.

Разиграни тревки
со зелени бои,
пролет ете дојде
другарчиња мои.

Изработи: Селмина Асани